**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТОКСИКОЛОГИЈА (ИНТЕРНА МЕДИЦИНА) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2502-172/13 од 7 јули 2014 година, донесена на 121. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 7 јули 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *токсикологија* (интерна медицина) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 25.6.2014 година и во предвидениот рок се пријави: насловен доцент д-р Андон Чибишев, вработен на Универзитетската клиника за токсикологија, клинички кампус „Мајка Тереза“ - Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Андон Чибишев е роден на 11 ноември 1959 година во Чирчик, Русија, каде што неговите родители емигрирале по завршувањето на Граѓанската војна во Грција. Во 1965 година се доселува во Р. Македонија, во Скопје, каде што го завршува основното и средното образование. На Медицинскиот факултет во Скопје дипломира во 1985 година. Во 1988 година се вработува во Воена болница во Скопје, а од август 1988 година е вработен на Универзитетската клиника за токсикологија.

Специјализација по интерна медицина завршува во 1993 година, а во 2002 година е избран во звањето примариус.

Во периодот 1999-2001 година е стручен директор на Клиниката, а од 21 август 2001 година е член на Владата на РМ, како државен секретар во Министерството за здравство. Во моментот ја извршува функцијата стручен директор на Клиниката.

Во 1994 година е избран за асистент на Медицинскиот факултет во Скопје и до 2005 година учествува во изведувањето на практични вежби по предметот Интерна медицина за студентите по медицина и стоматологија. Интензивно учествува во едукација на специјализанти по интерна медицина, инфектологија и неврологија.

Во 2005 година со успех го одбранува јавниот труд во ранг на магистерски труд со наслов „**Тоталната и суплементарната парентерална исхрана во лекувањето на акутните корозивни труења”.**

Во 2008 година ја одбранува докторската дисертација „**Ентералната и парентерална нутриција во контролата на нутритивниот статус и превенцијата на доцните посткорозивни компликации”.**

Активно учествува во стручната работа на Клиниката и има публикувано повеќе научни трудови од областа на интерната медицина и клиничката токсикологија.

Член е на многу домашни и меѓународни стручни организации (токсиколози, ЕСПЕН, критично болни пациенти), како и на Стручната комисија за хемикалии во Министерството за здравство. Учествува како експерт во изработка на многу закони и подзаконски акти, стратегии, национални извештаи, програми и сл. Раководител и учесник е во повеќе меѓународни и домашни научни проекти и студии.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

Д-р Андон Чибишев на 9 октомври 2012 год. е избран за насловен доцент по предметот/област интерна медицина на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Andon Chibishev, Zanina Pareska, Vesna Chibisheva, Natasa Simonovska. | Clinical and Epidemiological Features of Acute Corrosive Poisonings | Med Arh. (PubMed) | 2012 |
| 2 | Trajanovska AS, Vujovic V, Ignjatova L, Janicevic-Ivanovska D, Cibisev A | Sexual dysfunction as a side effect of hyperprolactinemia in methadone maintenance therapy | Med Arh. (PubMed) | 2013 |
| 3 | Chibishev A, Z.Pereska, Natasha Simonovska, V.Chibisheva | Ingestion of caustic substances in adults:a review article | Iranian Journal of Toxicology | 2013 |
| 4 | **Chibishev** A, Simonovska N, Bozinovska C, Pereska Z, Smokovski I, Glasnovic M. | Respiratory complications from acute corrosive poisonings in adults. | Mater Sociomed. (PubMed) | 2014 Apr;26(2):80-33. |

или три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | A.Chibishev, A.Sikole, Z.Pereska, N.Orovchanec | Severe renal function impairment in adult patients acutely poisoned with concentrated acetic acid. | Archives of Industrial Hygiene and Toxicology; 2013 Mar;64(1):153-8 | **1,048** |
| 2 | Pereska Z, Cibisev A, Bozinovska C, Petkovska L | Plasma apo/lipoproteins distrubamces as a precondition ,for metabolic syndrome in HCV seronegative herion addicts | Am j Drug Alcohol Abuse, 2012 May; 37 (3): 196-292. | **1,951** |
| 3 | Pereska, Zanina and Bozinovska, Cvetanka and Dimitrovski, Chedo and Cakalarovski, Koco and Chibishev, Andon and Zdravkovska, Milka and Babulovska, Aleksandra and Janicevic, Daniela | Heroin Dependence Duration Influences the Metabolic Parameters Mechanisms and Consequences of Impaired Insulin Sensitivity in Hepatitis C Virus Seronegative Heroin Dependents. | American Society of Addiction Medicine; J Addict Med, 6 (4). pp. 304-310. ISSN 1935 – 3227 | **1,956** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Chibishev A, Simonovska N. | Acute unintentional intoxication with paraffin in a 25-year old patient - Clinical case report. | J Forensic Leg Med. 2012 26:1-4. Epub 2014 May 10 | **0,989** |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Насл. доц. д-р Андон Чибишев има големо искуство во наставно-образовната дејност со студенти по медицина и стоматологија на Медицинскиот факултет во Скопје и специјализанти по интерна медицина, медицина на трудот, инфектологија и психијатрија. Учествува во практичната настава за студенти по медицина и стоматологија и специјализанти по интерна медицина, медицина на трудот, инфектологија и психијатрија.

1. Одржување на вежби по предметот Интерна медицина
- Одржал повеќе од 1.200 часа практична настава за студенти по медицина и стоматологија.
2. Одржување на менторска настава за здравствена клиничка практика
- Одржал повеќе од 640 часа практична настава за специјализанти по интерна медицина, медицина на трудот, инфектологија и психијатрија.
3. Настава во школи и работилници
- Учествувал како учесник во повеќе школи и работилници од областа на интерна медицина, токсикологија, анестезиологија со реанимација, адиктологија.
4. Консултации со студенти
- Одржал повеќе од 400 часа консултации со студенти по медицина и стоматологија.
5. Консултации со студенти во рамките на здравствена клиничка пракса
- Има околу 70 часа консултации со студенти по медицина и стоматологија во рамките на здравствена клиничка пракса.
6. Ментор и едукатор на здравствена едукација
- Ментор и едукатор на четворица специјализанти по интерна медицина, двајца по медицина на трудот и по еден специјализант по инфектологија и психијатрија.
7. Ментор на специјалистичка работа
- Ментор на два специјалистички труда на специјализанти по интерна медицина.
8. Одржување на теренска настава (теренска едукација на екипите за итна медицинска помош).
- Одржува 12 часа теренска настава за доктори и медицински сестри од службите за итна медицинска помош низ територијата на Република Македонија.
9. Одржување на настава во институции од јавен интерес
- Има одржано 126 часа едукативни предавања за опојни droги и алкохолизам во основни и во средни училишта на територијата на Град Скопје.

**Научноистражувачка дејност**

1. Носител на активности на меѓународен проект
- Меѓународен проект: Chimical risk menegement in Macedonia 2007-2010
  (во соработка за Европската и Шведската агенција за хемикалии)

Проектот беше од висок национален интерес, бидејќи со него се креираше базата за интоксицирани пациенти во Република Македонија, а со Одлука на министерот за здравство беа формирани Национален центар за информирање при труења и Национален центар за контрола на труења.

Објавува повеќе од 77 научно-стручни трудови во земјава и во странство. Автор е на еден прирачник од областа на ургентната медицина и автор на една монографија од областа на клиничка токсикологија, коавтор на една монографија од областа на интерна медицина.

**СПИСОК НА ОБЈАВЕНИ ЦЕЛИ ТРУДОВИ**

1. **A.Chibishev,** N.Simonovska,A.Shicole ,Post corrosive injuries of upper gastrointestinal trackt, , Prilozi,2010.jul;31 (1):297-316. **(Pub Med)**
2. **A.Chibishev,** C.Bozinovska, D.Petrovski, Z.Nikolova-Todorova, Epidemoilogy of severe poisonings caused by ingestion caustic substance**;** Prilozi, MANU,171-183(2007). **(Pub med)**
3. **A.Chibishev,**Post corrosive late complications in esophagus and stomach-role od the esophageal rest; MED ARH 2010;64 (6):32-323. **(Pub Med)**
4. **Andon Chibishev**, Zanina Pereska, Vesna Chibisheva, Natasa Simonovska Corrosive Poisonings in Adults, Mat Soc Med. 2012 Jun; 24(2): 125-130. **(Pub med)**
5. Natasa Simonovska, **Andon Chibishev**, C. Bozinovska, L. Grcevska, K. Dimitrovski, V. Neceva Evaluation of circulating immune complexes and antiphospholipid antibodies ( anti beta 2 glycoprotein 1) in heroin addicts and their clinical significance**,** MED ARH 2011; 65(6): 321-330. **(Pub Med)**
6. Simonovska N, Bozinovska C**, Chibishev A,** Grchevska L, Dimotrovski K, Neceva V. Changes of some humoral immunologic indicators an clinical manifestations cryoglobulinemia in heroin addicts, Georgian medical news 2012; N 11, (212) **(Pub Med)**
7. Natasa Simonovska, **Andon Chibishev**, A. Babulovska, Z. Pereska, I. Jurukov, M. Glasnovic Program of the University Clinic of Toxicology, Skopje, Republic of Macedonia in Treatment of Drug Addiction (Buprenorfin Treatment Protocol);, MSM, 2011; 23(4): 192-197. **(Pub med)**
8. **Chibishev A,** Simonovska N, Pereska Z, Babulovska A The role of urgent esophagogastoduodenoscopy in prognosis of acute caustic poisonings,; AIM 2011; 19 (2): 79-83.
9. **A.Chibishev,**Esophagogastroduodenoscopy and endoscopic classification in diagnosis, treatment and prognosis of patients with acute caustic poisonings; Acta informatica medica 2010,Vol 18,3:131-135.
10. **Andon Chibishev,** C. Bozinovska, Vesna Chibisheva, N. Simonovska Nutritional Therapy in Adult Patients with Post-corrosive Injuries of GastrointestinalTract;, MSM, 2011; 23(2): 132-136
11. **A.Chibichev**,N.Simonovska, Z.Pereska , Artifitial nutrition in therapeutic approach of acute caustic poisoning, MJMS;2010 Jun 15;3(2):180-187
12. **A.Chibishev** Nutritive support in the control of nutritive status in acute corrosive
13. Н. Симоновска, Божиновска Ц., Димитровски Ч, Чибишев А., Промени на некои хоморални имунолошки показатели кај хероински зависници и нивно клиничко значење, Physioacta 2010,Vol.4- No 2, UDK: 616-097:613. 83-05
14. Переска Ж., Божиновска Ц., Димитровски Ч., Чибишев А. Нарушување на серумскиот липиден профил под влијание на кумулативниот ефект на пушењето кај негативни хероински зависници; Physioacta 2011, Vol 5, N 1, 70- 79
15. Чибишев А., Влијанието на вештачката исхрана врз доцните посткорозивни компликации кај акутните корозивни труења; Physoacta 2010, Vol.4-N 1: 105-114
16. Переска Ж., Божиновска Ц., Петковска Л., Чибишев А., Асоцираност на серумскиот липиден статус со начинот на апликација на хероинот кај опијатната зависност, Physioacta 2010;Vol.4- N 1: 105114
17. **Чибишев А.**, Божиновска Ц., Петровски Д., Павловски Б., Значењето на парентералната нутриција во превенцијата на посткорозивните компликации кај акутните корозивни труења, Мак.мед.преглед, год 57, 2003, стр. 221-338, бр.5-6
18. **Чибишев** А., Петровски Д., Божиновска Ц., Значењето на биохемиските индикатори во контролата на нутритивниот статус кај акутните каустични труења, Мак.мед. преглед, год.60, 2006, стр. 181-257, бр. 5-6
19. **Чибишев А.**, Павловски Б., Петровски Д., Божиновска Ц., Акутно суицидално труење со кардиотонични гликозиди кај две адолесцентни девојки, Македонско списание за медицина 2002, 49 (1-2); 171-175

20. **Чибишев А.,** Божиновска Ц., Петровски Д., Наумовски Џ., Стенози на хранопроводот и желудникот се честа компликација кај акутните перорални труења со корозивни средства; Македонско списание за медицина 2005; 51 (1-2) 139-146
21. **Чибишев А.,** Божиновска Ц., Петровски Д., Чибишева Б., Посткорозивни стенози на езофагус и желудник се мајорна компликација кај акутните перорални корозивни труења; Acta morfologica, Vol. 4(1) 2007: 54-58
22. **Чибишев А.,** Симоновска Н., Гласновиќ М., Влијанието на ентералната постпилорична нутриција на нутритивниот статус кај акутните труења со каустични супстанци, Мак. мед. прегл. 2010; 64 (1):0 23-27
23. Наумовски Џ., **Чибишев А.**, Петковска Л., Меловска Л., Појавата на хипергликемија кај акутни интоксикации со антихолинестеразни инсектицид, Мак.мед.преглед, год 53, 1999, стр. 251-387, бр.5-6
24. Simonovska Veljanovska N, Bozinovska C, **Cibisev A;** Immunoglobulin alterations assiciated with heroin addiction; Acta morfologica 2009, Vol.6 (2): 50-53 .
25. **Чибишев А.,** Пановски М,Василевски В,Божиновска Ц,Оровчанец Н; Ефектите од постпилоричната нутриција во третманот на акутните труења со каустични супстанции; 2007 ; Physioacta, Vol 1. (1) : 85-98
26. Симоновска Н., Серафимовски В., Чибишев А., Божиновска Ц., Серолошко и молекуларно испитување на вирусот на хепатитис Ц кај корисници на опијати, Physioacta 2008, Vol 1, No 2, UDK: 616.36-002
27. Симоновска Н., Божиновска Ц., Грчевска Л., Чибишев А., Присуство на позитивен ревматоиден фактор кај хероински зависници, Physioacta 2009; Vol. 3-No 1 UDK: 616-097:6
28. Петровски Д., Божиновска Ц., Чибишев А., Переска Ж., Ендоскопски наод кај корозивни труења, Physioacta 2008; Vol 1-No 2 105; 616.32
29. Петковска Л., **Чибишев А.**, Наумовски Џ., Петровски Д., Панкреатитис- ретка компликација на акутна интоксикација со карбамат; Македонско списание за медицина 2003; 49 (1-2) 171- 175
30. Dz.Naumovski, L.Petkovska, N.Becarovski, A.Cibisev; Increase of transaminase levels in patients intoxicates with dekamerin; II International Symposium od Pesticides in Public health;2000,Sept.Palic,FR Yugoslavia.

**ЗА РЕЦЕНЗИЈА ЗА ИЗБОРОТ СЕ ТРУДОВИТЕ со бр. 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37 и 38**

31. **A. Chibishev**, A. Sikole, Z. Pereska, N. Orovchanec, Severe renal function impairment in adult patients acutely poisoned with concentrated acetic acid, Archives of Industrial Hygiene and Toxicology; 2013 Mar; 64(1):153-8 (Цел прегледен труд објавен на Pub med) Списанието е едно од најпрестижните во Република Хрватска и има импакт фактор **(IF - 1,048 PubMed)**

Трудот претставува оригинален научен труд и своевидна студија на поголема група пациенти интоксицирани со концентрирана оцетна киселина. На поголема група пациенти е направен обид и е докажано дека настанувањето на бубрежните компликации кај пациенти со ваков тип на труење исклучиво зависи од степенот на оштетување на горниот дел на гастроинтестиналниот тракт. Со статистички методи резултатите се потврдени и со тоа се прави огромен придонес во сознанијата за труењата со концентрирана оцетна киселина.

32. Pereska Z, **Cibisev A**, Bozinovska C, Petkovska L Plasma apo/lipoproteins distrubamces as a precondition ,for metabolic syndrome in HCV seronegative herion addicts; Am j Drug Alcohol Abuse, 2012 May; 37 (3): 196-292. (Цел прегледен труд објавен на Pub Med) Списанието е едно од позабележителните списанија кои излегуваат редовно во САД и има импакт фактор **(IF = 1,951 PubMed).**

Трудот претставува оригинален научен труд и своевидна студија на поголема група пациенти зависници од хероин кај кои е докажано дека кај хероинските зависници кај кои има намалување на HDL- C, apoA-I, apoB и TGL концентрациите имаме развој на метаболички синдром кој подразбира хормонални, нутритивни и генетски нарушувања. Покрај тоа, претставува индикатор за настанување на хипертриглицеридемија,

кардиоваскуларен ризик и атеросклероза. Овој труд и резултатите даваат важни сознанија за следењето и третманот на опиоидните зависници.

**33.** Pereska, Zanina and Bozinovska, Cvetanka and Dimitrovski, Chedo and Cakalarovski, Koco and **Chibishev, Andon** and Zdravkovska, Milka and Babulovska, Aleksandra and Janicevic, Daniela (2012) Heroin Dependence Duration Influences the Metabolic Parameters Mechanisms and Consequences of Impaired Insulin Sensitivity in Hepatitis C Virus Seronegative Heroin Dependents. American Society of Addiction Medicine; J Addict Med, 6 (4). pp. 304-310. ISSN 1935 – 3227 **(PubMed; IF = 1,956)**

Тестирана е инсулинската резистенција кај 78 серонегативни на Hepatitis C virus зависници од хероин, поделени во две испитувани групи-зависни до три години и зависни повеќе од три години, како и 32 здрави испитаници (контролна група). Заклучено е дека хероинската зависност е асоцирана со зголемена базална инсулинска резистенција, а при подолготрајна хероинска зависност се намалува поради намалување на обемот на половината.

**34.** Chibishev A, Simonovska N.: Acute unintentional intoxication with paraffin in a 25-year old patient - Clinical case report. J Forensic Leg Med. 2012 26:1-4. Epub 2014 May 10 3227 **(PubMed; IF = 0,989)**

Во трудот е прикажан случај на ненамерно труење со парафин на 25-годишен пациент со клиничка слика на екстремна диспнеја и периферна цијаноза. Пациентот е третиран со посебен протокол, при што е закрепнат без присуство на компликации и последици.

**35.** Andon Chibishev, Zanina Pareska, Vesna Chibisheva, Natasa Simonovska, Clinical and Epidemiological Features of Acute Corrosive Poisonings,. Med Arh. 2012; 66(Supplement 1): 11-15 (Цел прегледен труд објавен на **Pub Med**)

Трудот претставува епидемиолошка студија за епидемиолошките и клиничките карактеристики кај акутните корозивни труења.

Обработен е значаен десетгодишен клинички материјал кој опфаќа 735 пациенти.

Добиените сознанија покажуваат дека жените во два пати поголем број злоупотребуваат корозивни хемикалии во однос на мажите. Труењето е карактеристично за сите возрасти, меѓутоа најчесто е кај популација на млади луѓе кои се во најефективниот и најкреативниот дел од животот. Се јавува кај сите конфесии, а почеста е кај пациенти со понизок степен на образование. Количината, времето поминато од труењето до хоспитализацијата и мотивот за труењето останува важен фактор кој може да влијае на тежината на труењето и неговиот исход.

Ендоскопската евалуација во тек на приемот, престојот и постхоспиталниот надзор останува златен стандард при дијагнозата, изборот за третман и прогнозата на труењето.

**36.** Trajanovska AS, Vujovic V, Ignjatova L, Janicevic-Ivanovska D, Cibisev A.Sexual dysfunction as a side effect of hyperprolactinemia in methadone maintenance therapy.Med Arh. 2013;67(1):48-50 (Цел прегледен труд објавен на **Pub Med**)

Трудот претставува оригинален научен труд и своевидна студија на група од 20 пациенти зависници од хероин кои како супститициона терапија користат метадон. Имаме појава на различни ендокрини абнормалности, вклучувајќи зголемување на нивото на пролактинот и абнормалности во сексуалниот хормон. Физиолошки механизам кој ја објаснува оваа појава е веројатно дејството на хероинот или метадон на хипоталамо-хипофизното ниво. Целта на оваа студија беше да се истражуваат ефектите на хероинот на пациенти кои се на метадонски третман и соодветните плазматски нивоа на пролактин и сексуалната функција кај овие пациенти. Резултатите покажуваа дека зависниците кои на улица користат хероин (55% од нив имаат високо ниво на пролактин) имаат значително повисоки нивоа на плазма пролактин (p = 0,006), додека групата на корисници на метадон имаа пониско ниво на пролактин (само 15% од нив имаат високо пролактинско ниво).

37. Chibishev A, Simonovska N, Bozinovska C, Pereska Z, Smokovski I, Glasnovic M.:Respiratory complications from acute corrosive poisonings in adults. Mater Sociomed. 2014 Apr;26(2):80-33. (PubMed)

38. Chibishev A, Z.Pereska, Natasha Simonovska, V.Chibisheva,Ingestion of caustic substances in adults:a review article; Iranian Journal of Toxicology; 2013, volume 6, N 19 (Цел прегледен труд)

Трудот претставува ревијален преглед на труењата со корозивни хемикалии кај адултни пациенти.

Направен е преглед на сознанијата од најновата светска литература и личните искуства во дијагностицирањето, третманот и можниот исход кај овие труења.

Текстот на трудот покажува дека во Република Македонија се применуваат најновите методи за иследување и третман кај овие труења и исходот од труењата е во рамките на светските резултати.

**ПОСТЕРИ**

– I семакедонски конгрес на лекарите, стоматолозите и фармацевтите

39. Наши првични искуства во детоксикацијата на пациенти корисници на хероин; Чибишев А. Т.Пановска, Д.Петровски, Б.Павловски
40. .Хероин овердоуз - врв на наркоманијата; Павловски Б., Чибишев А., Ј. Павловска, Т. Пановска
41. Хоспитален третман на акутни труења со наркотици; Божиновска Ц., Чибишев А., Н. Поповски, Д. Петровски
42. Конзервативен третман при труења со печурки; Пановска Т., Чибишев А., Б. Павловски, Д. Петровски
43. Вредностите на детритис индексот кај пациенти акутно интоксицирани со декаметрин; Наумовски Ц., Чибишев А., Н. Беќаровски, Л. Меловска

– VII македонски конгрес за гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество

44. Парентерално-ентерална нутриција кај пациентка со акутно труење со HCl (приказ на случај), А. Чибишев, М. Пановски, Ц. Божиновска, Д.Петровски.
45. Компликација на крвconfiguration улкус и поткожен емфизем, Д. Петровски, А. Чибишев, Б. Павловски, Н. Поповски

XXXVII Congres of the European society for artificial organs (8-11.9.2010)

46. Combined extracorporal methods in mushroom poisoning treatment, Z. Petronievic, A.Chibishev, A.Sikole, L.Tozija
47. Artifitial nutrition in therapeuric approach of acute caustic poisonings**;** A.Chibishev, Z.Pereska, N.Simonovska

– **IV КОНГРЕС НА АНЕСТЕЗИОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО**

48. Влијанието на ентералната постпилорична нутриција на нутритивниот статус кај акутните труења со каустични супстанции, А.Чибишев

– **СТРУЧЕН СОСТАНОК НА МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА ТОКСИКОЛОЗИ**

49. Pulmonary irritable syndromes in fire fumes exposure, V Јубилејни токсиколошки денови со меѓународно учество, Божиновска Ц., Чибишев А., Н. Поповски, Б. Павловски
50. Buprenorphine detox programme at heroin addicts patients with juvenile diabetes (case report); Pavlovski B., Chibishev A., F. Licoska, N. Popovski

**УСНИ ПРЕЗЕНТАЦИИ**

– 5TH ADRIATIC DRUG ADDICTION TRETMENT CONFERENSE

51. Program of the University clinic of toxicology of drug addiction (Buprenorfin treatment protocol), N.Simonovska, A.Chibishev, Z.Pereska, D.Petrovski
52. Lipid peroxidation in heroin abuse and detoxication, Z.Pereska, A.Chibishev, C.Bozinovska, N.Simonovska

– IX КОНГРЕС НА ТОКСИКОЛОЗИТЕ НА СРБИЈА И ЦРНА ГОРА СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО (27.9.-1.10 2006)

53. Ендоскопски налаз код тровања корозивима, Д.Петровски, А.Чибишев, Ц.Божиновска, Б.Павловски
54. Кардиотоксичност код акутних тровања амитриптилином, Б.Павловски, А.Чибишев, Д.Петровски, Н.Поповски

– ВТОРИ КОНГРЕС ПО КЛИНИЧКА ТОКСИКОЛОГИЈА НА БУГАРИЈА (со меѓународно учество)
55. Post corrosive esophageal stenosis treatment with ballon dillatator (case study); D.Petrovski, A.Chibishev., C.Bozinovska, B.Pavlovski
56. Electrocardiographic changes as a predictor cardiovascular toxicity in acute triciclic antidepressant (Amitriptiline) overdose, B.Pavlovski, A.Chibishev, N.Popovski, A.Babulovska
– 2010 INTERNATIONAL CONGRESS OF THE European association od poisons centers and clinical toxilogists
57. Epidemiological charectesitics of hospitality treated poisonings in 1988 and 2008 year at the university clinic of toxiciology, Skopje; Z.Pereska, A.Chibishev, C.Bozinovska, N.Simonovska
– СТРУЧЕН СОСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ДОКТОРИ ПО МЕДИЦИНА-СПЕЦИЈАЛИСТИ ПО МЕДИЦИНСКА БИОХЕМИЈА
58. Значењето на биохемиските индикатори при контрола на нутритивниот статус кај акутните каустични труења, А.Чибишев

СТРУЧЕН СОСТАНОК НА МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА ТОКСИКОЛОЗИ
59. Влијанието на вештачката исхрана на доцните посткорозивни компликации кај акутните каустични труења, Стручен состанок во Алкалоид, дел од КМЕ активноти, А. Чибишев
60. Нутритивниот менаџмент кај корозивните интоксикации, 7. Симпозиум на Здружението на токсиколози при МЛД со меѓународно учество, А.Чибишев
61. Therapeutic strategy at acute corrosive poisonings; Јубилејни токсиколошки денови со меѓународно учество, Chibishev A.

ЗА РЕЦЕНЗИЈА ЗА ИЗБОРОТ СЕ ТРУДОВИТЕ со бр. **од 62 до 78**
– VIII SYMPOSIUM PF THE ASSOCIATION TOXILOGIST AT MMA WITH INTERNATIONAL PARTIPATION
62. Acute caustic poisionings- control of nutritive status; Chibishev A

Трудот е усна презентација од 8. Симпозиум на Здружението на токсиколози на Македонија со меѓународно учество и ја обработува темата на акутните корозивни трудови и нивната исхрана за време на третманот. Во трудот се прикажани лични искуства на авторот за значењето и неопходноста на клиничката атрифициелна нутриција кај овие труења и нејзината улога во исходот од овие труења.

63. Actual trends in the field of clinical toxicology practice (Our experience): Pavlovski B, Chibishev A, D.Petrovski, A.Babulovska

Трудот е усна презентација од 8. Симпозиум на Здружението на токсиколози на Македонија со меѓународно учество и ја обработува темата за актуелните трендови на инвестигации и третман во областа клиничка токсикологија. Опишани се неколку методи и тераписки протоколи од кои најголемиот број се изведуваат и се применуваат и во Република Македонија.

– IX SYMPOSIUM OF THE MACEDONIAN ASSOCIATION OF TOXICOLOGISTS WITH INTERNATIONAL PARTIPATION
64. Alcocholic caradiomyopathy in 33 year old male patient; Stavchevska A, Chibishev A, Pavlovski B, C.Bozinovska

Трудот е усна презентација од 8. Симпозиум на Здружението на токсиколози на Македонија со меѓународно учество и ја обработува темата на алкохолизмот кај младите. Опишан е случај на пациент на возраст од 33 години кои и покрај младоста имаше развиено кардиомиопатија која значајно му влоши здравјето и му го наруши квалитетот на животот.

65. Plasmapheresis applied acute suicidal poisoning Carbamazepine ( Epitol, Tegretol, Atretol), and benzodiazepine- Diazepam; Pavlovski B, Chibishev A, N.Popovski, L.Trencevska

Трудот е усна презентација од 8. Симпозиум на Здружението на токсиколози на Македонија со меѓународно учество и ја обработува темата на труења со антиепилептични медикаменти и нивниот третман со активни методи за детоксикација. Тука е истакнато

дека изведувањето на плазмаферезата е метода на избор во акутната фаза и првите 24 часа по труењето која придонесува во побрз и поефективен начин на третман кај овие пациенти.

– ЧЕТВРТИ КОНГРЕС ПО НЕФРОЛОГИЈА СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

66. Нарушувања на бубрежната функција кај акутни труења со концентрирана оцетна киселина кај возрасни (пленарно предавање) Чибишев А.

Трудот е усна презентација од 4. Конгрес на нефролозите на Македонија со меѓународно учество и ја обработува темата на тешките нарушувања на бубрежната функција по ингестија на концентрирана оцетна киселина. Оштетувањата често пациентот го доведуваат во тешка општа состојба која може да има неповолен исход и често да заврши со акутна бубрежна инсуфициенција и хронична хемодијализа.

– IX Македонски конгрес по гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество

67. Посткорозивни доцни компликации на хранопроводот и желудникот-улогата на езофагеалниот одмор (пленарно предавање) Чибишев А., Переска Ж., Божиновска Ц.

Трудот е усна презентација од 9. Конгрес на гастроентеролозите на Македонија со меѓународно учество, кој ја обработува темата за артфициелна нутриција кај акутните корозивни труења и улогата на исхраната и езофагеалниот одмор во превенција на доцните посткорозивни компликации на горниот дел на гастроинтестиналниот тракт.

68. Улогата на ургентната езофагогастроскопија во прогнозата на корозивните труења, Чибишев А., Переска Ж., Божиновска Ц.

Трудот е усна презентација од 9. конгрес на гастроентеролозите на Македонија со меѓународно учество, кој ја обработува темата езофагогастродуоденоскопијата како златен стандард во дијагнозата и прогнозата кај акутните корозивни труења. Обработена е група на пациенти кај кои е анализиран наодот по ургентната езофагогастродуоденоскопија и предвидувањето на исходот врз основа на тој наод.

– III –rd Macedonian congress of ORL with international participation

69. Акутни корозивни труења - значењето на нутритивната поддршка (пленарно предавање), Чибишев А.

Трудот е усна презентација на 3. Конгрес на оториноларинголозите на Македонија со меѓународно искуство, кој ја обработува темата на нутритивната поддршка кај акутните корозивни труења како многу важна тераписка постапка која во многу придонесува за побрзо подобрување на општата состојба на пациентите и превенцијата на посткорозивните компликации на горниот дел на ГИТ.

70. Nutritional therapy in adult patients with post-corrosive injuries od gastrointestinal tract (пленарно предавање), Чибишев А.

Трудот е усна презентација на 3. Конгрес на оториноларинголозите на Македонија со меѓународно искуство, кој ја обработува темата на клиничката нутриција кај акутните корозивни труења. Обработен е автентичен клинички материјал кај кој статистички релевантно се докажува позитивниот придонес на нутрицијата во третманот кај овие труења.

6 Th ADRIATIC DRUG ADDICTION TREATMENT CONFERENSE; 8th SEEA net (South Tretament Network) and Adriatic Addiction Tretament network

– SYMPOSIUM ON ADDICTIVE BEHAVIORS

71. Prolactin hormonal disarse in opioide users with sexual disfinction, Spasovksa Trajanovska A, Chibishev A, L.Ignjatova,V.Vujovic

Трудот е усна презентација на симпозиум за третман на зависност од опојни дроги одржана во Тирана, Албанија. Трудот претставува оригинален научен труд и своевидна студија на група од 20 пациенти зависници од хероин кои како супститициона терапија користат метадон. Имаме појава на различни ендокрини абнормалности, вклучувајќи зголемување на нивото на пролактинот и абнормалности во сексуалниот хормон.

72. Relationsip between methadone dese and sexual dysfunction in methadone mainintence patients, Spasovska Trajanovska A., Chibishev A., L. Ignjatova, V.Vujovic IPA 4 PROJECT, COOPERATION WITH EMCDDA

73. Coordinatiopn and national reporting for drugs and drugs issue, A. Cibisev (пленарно предавање)

Трудот е усна презентација од меѓународен состанок на Европскиот борд за борба против зависности и зависност од опојни дроги на кој беа презентирани активностите кои Универзитетската клиника за токсикологија ги има преземено во одреден временски период и активностите кои клиниката ги завршила согласно со акциониот план на бордот.

IX Јубилеен симпозиум на Здружението на токсиколози на Македонија со меѓународно учество

74. Посткорозивни компликации кај акутни корозивни труења - значењето на возраста на пациентите, Чибишев Андон, Божиновска Цветанка, Павловски Бранимир

Трудот е усна презентација од деветтиот јубилеен симпозиум на Здружението на токсиколози на Македонија кој ја обработува темата на акутните корозивни труења кај возрасни и поврзаноста на посткорозивните компликации и возраста на пациентите. Обработена е голема група на пациенти кај кои е статистички е докажано дека тежината на посткорозивните компликации зависат од возраста на пациентите.

75. Acute accidental intoxication with paraffin in a 25-year old patient, Andon Chibishev , Akleksandra Stevchevska, I.Muca, B.Pavlovski

Трудот е усна презентација од деветтиот јубилеен симпозиум на Здружението на токсиколози на Македонија, кој ја обработува темата на акутно труење на пациент со парафин. Всушност, опишан е случај на млад човек кој заради љубопитност проголтал парафин и се обидел да имитира голтач на пламен при што заради тешки изгореници на горните дишни патишта и вдишување на отровни гасови го загрозил животот.

76. Acute self-poisonig by remedies(two case reports), B.Pavlovski, A. Chibishev, N.Popovski, I.Mucha

77. Tretman na opioidnata zavisnost na Univerzitetskata klinika za toksikologija, N.Simonovska, A.Chibishev, Z.Pereska, A. Babulovska

Трудот е усна презентација од деветтиот јубилеен симпозиум на Здружението на токсиколози на Македонија кој ја обработува темата труења и злоупотреба на опојни дроги и програмите кои Универзитетската клиника за токсикологија ги практикува во третман и одржување на овие зависности.

78. Methadone-Diazepam overdose at young (case reports), I.Mucha, A. Chibishev, B.Pavlovski, N.Popovski

Трудот е усна презентација од деветтиот јубилеен симпозиум на Здружението на токсиколози на Македонија кој ја обработува темата зависност од опојни дроги и опис на еден случај на предозираност на пациент со метадон и дијазепам. Опишана е тешката животозагрозувачка состојба која со брза и ефикасна терапија доведува до подобрување на состојбата.

Доц. д-р Андон Чибишев е цитиран во неколку престижни списанија со импакт фактор и учебници издадени во САД и Европската унија.

1. Caustic ingestion in children Mortada Elshabrawi and Hassan H A-Kader *Expert Rev. Gastroenterol. Hepatol.* 5(5), 637–645 (2011) (IMPAKT FACTOR : 0,791)
2. Evaluation of caustics and household detergent exposures in an emergency service, M A Arici, D Ozdemir, N C Oray, M Buyukdeligoz, Human & Experimental Toxicology (IMPAKT FACTOR : 1,211)
3. Consequences of Ingestions of Potentially Corrosive Cleaning Products, One-Year Follow-Up , *Karolina Mrazová , Tomáš Navrátil ,,Daniela Pelclová Int. J. Electrochem. Sci.,* 7 (2012) 1734 - 1748 *( IMPAKT FACTOR : 2,808)*
4. Corrosive injury of the esophagus to strengthen awareness and injury prevention and treath stenosis, Tan-Kwan-yau, Ru-Wen-Wang; World J Gastroentherol , 2009, 17 (7): 637-641 (IMPAKT FACTOR : 2,092)
5. TINTIALLI,S EMERGENCY MEDICINE> Section 15. Toxicology Judith E. Tintial (учебник)

23. Рецензент е на неколку труда во меѓународни списанија со импакт фактор.
Human and Experimental Toxicology Impact Factor:1.453 |
American Journal of Public Health Impact Factor 4,241

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Доц. д-р Андон Чибишев во текот на својата богата кариера бил на многу раководни функции на Универзитетската клиника за токсикологија. Бил раководител на Одделот за интензивна нега и лекување во периодот 2006-2007 година.

Во периодот 1999–2001 година и 2007–2014 година бил стручен директор на клиниката. Во периодот 2001 – 2002 година бил член на Владата на РМ како државен секретар во Министерството за здравство. Во моментот ја извршува функцијата пратеник во собранието на РМ.

Член е на многу домашни и меѓународни стручни организации (токсиколози, ЕСПЕН, критично болни пациенти), како и на Стручната комисија за хемикалии, Комисија за позитивна листа и етичкиот комитет во Министерството за здравство. Учествува и во многу други стручни и организациски комисии формирани од државни органи и тела. Учествува како експерт во изработка на многу закони и подзаконски акти, стратегии, национални извештаи, програми и сл. Раководител и учесник е во повеќе меѓународни и домашни научни проекти и студии.

Направил повеќе од 120 стручни и експертски мислења, како и супервизии по барање на Министерството за здравство, Институтот за претклиничка токсикологија и фармакологија, Фармацевтскиот факултет. Изработил 13 супервештачења по барање на судски органи како лиценциран судски вештак по клиничка токсикологија.

Вовел две нови клинички методи од кои една за првпат во државата (нова клиничка метода за детоксикација со Бупренорфин) и една за првпат на институцијата (клиничка метода за ентерална исхрана кај корозивни труења со ентерална сонда).

Добива две награди од струкова организација Македонско лекарско друштво:

- Плакета на МЛД,
- Диплома на МЛД.

Врз основа на остварениот опус на целокупната негова наставно-научна активност, доц. д-р Андон Чибишев ги исполнува условите од член 136, став 2 од Законот за високо образование.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Насловен доцент д-р Андон Чибишев, вработен на Универзитетската клиника за токсикологија во Скопје, е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област токсикологија (интерна медицина) за Факултетот за медицински науки, УГД, Штип.

Рецензентската комисија е едногласна во оцената дека со целокупната своја досегашна работа, насл. доц. д-р Андон Чибишев има извонреден придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната и организациско-развојна дејност. Неговата научна специјалност се клиничката токсикологија како важен и нераскинлив дел од интерната медицина. Интензивната активност на насл. доц. д-р Андон Чибишев ја потврдува проценката дека се работи за личност со исклучителна надареност и истрајна мотивираност за научна и едукативна работа.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија има **особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип да го избере насловен доцент д-р Андон Чибишев во звање вонреден професор во наставно-научната област токсикологија (интерна медицина).**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Милка Здравковска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Кочо Чакалароски, член, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ НА Д-Р АНДОН ЧИБИШЕВ

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 2. | Превод на учебник<br>**Превод (Atlas of Metabolic Diseases ; William L. Nyhan)**<br>**Книга/учебник (Стручна редакција и превод)** | 1 | 10 | | | 10 |
| 6. | Основен школски или средношколски учебник или научнопопуларна книга<br>**Научнопопуларна книга „Начин на работата на тимовите во итната медицинска помош" (автор)** | 1 | 10 | | | 10 |
| 13. | Ментор на одбранет специјалистички труд (5 кандидати) | 5 | 2 | | | 10 |
| 19. | Раководител на студент или ученик во учество на студентска или ученичка манифестација<br>**Ментор на труд на Конгрес на студенти по медицина во Истанбул – Турција, 2010 година** | 1 | 2 | | | 2 |
| 21. | Основач на наставна лабораторија<br>Токсиколошка лабораторија при Универзитетската клиника за токсикологија | 1 | 2 | | | 2 |
| 26. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии)<br>4 семестра, 96 часа | 96 | /8 | | | 12 |
| 28. | Одржани вежби во втор циклус студии<br>5 кандидати, 700 часа | за две години | 2 x 8 | | | 16 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **62** |

| Ред. вр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Монографија или научна книга | 1 | 10 | | | 10 |
| 2. | Дел од монографија или научна книга | 2 | 6 | | | 12 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати<br>(31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38) | 4 x 9<br>4 x 6 | 36<br>24 | | | 60 |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба<br>(65,68,69,72) | 4 | 3 | | | 12 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (61, 62, 63, 64, 65, 66, 67, 70, 71, 73, 74, 75, 76, 77) | 13 | 2 | | | 26 |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција | 1 | 2 | | | 2 |
| 12 | Раководител на научен проект<br>Меѓународен проект: Chimical risk menegement in Macedonia 2007-2010 (во соработка за Европската и Шведската агенција за хемикалии) | 1 | 4 | | | 4 |
| 19 | Член на организациски или научен одбор на научен собир | 1 | 5 | | | 5 |
| 20 | Основач на научна лабораторија<br>Токсиколошка лабораторија при Универзитетската клиника за токсикологија | 1 | 4 | | | 4 |
| 23 | Рецензент на научен труд (СЦИ/Ца/ останати)<br>Рецензиите се во списанија со импакт фактор<br>1. Manuscript ID HET-14-0350 entitled “Report of five cases of 2 ,5-dimethoxy-4-(n)-propylphenethylamine (2C-P) toxicity following recreational use” has been submitted to Human and Experimental Toxicology.<br>2. Manuscript ID HET-14-0349 entitled “Data of Jordan National Drug and Poison Information Center: Review of eight years experience” has been submitted to Human and Experimental Toxicology.<br>3. Manuscript ID HET-14-0272 entitled “Global research productivity of N-acetylcysteine use in paracetamol overdose: a bibliometric analysis (1976–2012)” has been submitted to Human and Experimental Toxicology.<br><br>4. Manuscript ID HET-14-0120 entitled “Environmental Factors other than Iodine Deficiency in the Pathogenesis of Endemic Goitre in the Basin of River Ganga and Bay of Bengal, India” has been submitted to Human and Experimental Toxicology.<br>5.Manuscript ID HET-14-0008 entitled “Experimental and Clinical Management of Metformin Overdose” has been submitted to Human and Experimental Toxicology.<br>6. MS No.: AJPH-20149339 Article Title: Long-term Effectiveness of Accelerated Hepatitis B Vaccination Schedule in Drug Users | 6 | 2 | | | 12 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **149** |

| Ред. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 14 | Воведување на нова клиничка метода за детоксикација со Бупренорфин<br>(првпат воведена во државата)<br>Воведување на нова клиничка метода за ентерална исхрана кај корозивни труења со ентерална сонда (првпат воведена во установата) | 2 | 4 | | | 8 |
| 17 | Супервизија на експертски мислења во Комисијата за опасност и класификација на хемикалии и Комисијата за отрови<br>Ревизија на предмети во Етичка комисија<br>Стручна ревизија на судски предмети со барање и решение на судски органи<br>Стручна ревизија на медицински предмети со Решение на министерот за здравство | 15<br>20<br>12<br>13 | 2<br>2<br>2<br>2 | 40 | | 30<br>40<br>24<br>26 |
| 19 | Стручни награди и признанија<br>Плакета од МЛД<br>Диплома од МЛД | 2 | 4 | | | **8** |
| 22 | Претседател на универзитетски или владини тела<br>**Претседател на Комисија за изработка на измени и дополнувања на закон, изработка на подзаконски акт**<br>Закон за здравствено осигурување | 10 | | | | 10 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 27 | Член на универзитетски или владини тела<br>**Член на Комисија за изработка на закон**<br>33 Закон за опојни droги и психотропни супстанции<br>34 Закон за хемикалии<br>**Член на Комисија за изработка на измени и дополнувања на закон, изработка на подзаконски акт**<br>34. Комисија за измени и дополнувања на Законот за опојни дроги и психотропни супстанции<br>35. Член на Комисија за усогласување на Законот за хемикалии со европската регулатива<br><br>*1.* Член на Владата на РМ како државен секретар во Министерството за здравство<br>***2.*** Комисија за проценка на ризик за опасност од хемикалии<br>***3.*** Комисија за отрови<br>***4.*** Комисија за опојни дроги и психотропни супстанции<br>***5.*** Член на Одборот за доделување на државна награда „Св. Климент Охридски“<br>6. Комисија за полагање на стручен испит за судски вештаци<br>**7.** Етичка комисија при Министерството за здравство<br>**8.** Работна група за проверка и ажурирање на клинички упатства за практицирање медицина | 12 | 5 | | | 60 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **206** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **417** |